ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-3819/1*
*22.07.2019 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 41 став 1 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ КОЈ ЌЕ ГО ЗАМЕНУВА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. ЈА НАЗНАЧУВАМ **Даница Рамбабова,** член на Советот на Општината Штип, да ме заменува во случај на спреченост или отсусутво подолго од шест месеци и во сите останати случаи утврдени со закон.
2. На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува градоначалникот.
3. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи решението 09-209/1 од 11.01.2018 година.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 41 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), „за време на спреченост или отсуство од шест месеци градоначалникот го заменува член на Советот на општината кој го назначува градоначалникот.

Во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој би го заменувал.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува градоначалникот."

Согласно горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Градоначалник
на Општината Штип
Благој Бочварски

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*